MACEDONIAN

# СПРЕЧЕТЕ ДА ПАЃАТЕ СО ТОА ШТО ЌЕ НАУЧИТЕ ПОВЕЌЕ ЗА ВАШИТЕ ЛЕКАРСТВА

PREVENT FALLS BY LEARNING ABOUT YOUR MEDICINES

Овие групи на лекарства можад да придонесат да паѓате:

**Прва група – овие лекарства може да предизвикаат поспаност или збрканост**

1. Лекарства за вознемиреност и спиење, т.н. слаби средства за смирување, на пример, Serepax, Murelax, Valium, Ducene, Normison, Temaze, Mogadon, Alodorm итн.
2. Некои лекарства за депресија, на пример, Tryptanol, Sinequan, Prothiaden и Tofranil.
3. Лекарства, т.н. јаки средства за смирување, на пример, Lithicarb, Stelazine, Melleril, Largactil.
4. Лекарства за алергии – некои антихистамини, на пример, Phenergan, Polaramine, Avomine.
5. Лекарства за настинки кои содржат антихистамини, на пример, Demazin, Actifed, Sinutabs и Benadryl.
6. Лекарства за стомачни грчеви, на пример, Buscopan и Donnatabs.
7. Лекарства против гадење, диареја, повраќање и мачнина од патување, на пример, Maxolon, Stemetil, Lomotil, Motilium, Andrumin, Kwells и Dramamine.
8. Лекарства против јаки болки, на пример, Digesic, Doloxene, Panadeine Forte, Codral Forte, MS Contin, Endone.

**Втора група – овие лекарства може да предизвикаат вртоглавица и несигурност во одењето**

1. Таблети за намалување на течности во телото наменети за намалување на крвниот притисок, на пример, Lasix, Moduretic, Dithiazide и Natrilix.
2. Лекарства за намалување на крвниот притисок, на пример, Adalat, Norvasc, Minipress, Plendil, Isoptin, Trandate, Coversyl, Atacand, Avapro, Tenormin, Renitec и Tritace.
3. Лекарства за срце, посебно Lanoxin (Digoxin) и Dilatrend. Исто така, Anginine, Isordil, Imdur, Transiderm-Nitro лепенки, Sotacor и Monodur.
4. Лекарства за воспаливи болести како што е артритисот, на пример, Indocid, Naprosyn, Orudis, Surgam, Voltaren, Feldene и Brufen.

**Health Promotion Service for Older People**
C/-CPSA, Level 9, 28 Foveaux Street, Surry Hills, NSW 2010
Phone: 02 9281 3588, Country callers: 1800 451 488, Fax: 02 9211 8700
Email: health@cpsa.org.au Web: www.cpsa.org.au ABN: 11 244 559 772
Funded by: South Eastern Sydney Illawarra Area Health Service
Auspice: Combined Pensioners & Superannuants Association of NSW Inc (CPSA)
Updated: October 2007

**Трета група – Пропуштањето на доза од овие лекарства може да предизвика паѓање**

1. Лекарства за Паркинсонова болест, на пример, Parlodel, Madopar и Sinemet.
2. Лекарства за епилепсија, на пример, Dilantin, Epilim и Tegretol.
3. Лекарства за шеќерна болест ако се земаат со погрешна храна, на пример, Daonil, Diabex, Diaformin, Diamicron, Glucophage и Minidiab.

Ако се користат долгорочно или во големи дози, следните лекарства предизвикуваат кршливи коски (остеопороза), така што ако паднете, постои поголема веројатност да скршите некоја коска.

* Лекарства со кортизон, на пример, Prednisone и Prednisolone

**Важно**

- Ако земате било кои од горенаведените лекарства, зборувајте со докторот или аптекарот за несаканите последици кои може да предизвикаат да паднете.
- Овие несакани последици може почесто да се јавуваат при започнување со земање на ново лекарство или кога се менува дозата. Тоа може да ги засега некои луѓе повеќе од другите.
- Алкохолот придонесува кон паѓање, посебно ако се козумира во комбинација со лекарствата кои се наведени овде.



Извор:
Карикатура од книгата “Како да останете на нозе” (“Staying on Your Feet”)– Central Sydney Health Service, 1991г.

**Health Promotion Service for Older People**
C/-CPSA, Level 9, 28 Foveaux Street, Surry Hills, NSW 2010
Phone: 02 9281 3588, Country callers: 1800 451 488, Fax: 02 9211 8700
Email: health@cpsa.org.au Web: www.cpsa.org.au ABN: 11 244 559 772
Funded by: South Eastern Sydney Illawarra Area Health Service
Auspice: Combined Pensioners & Superannuants Association of NSW Inc (CPSA)
Updated: October 2007